РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-874/2
18-08-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 09-874/1 од 25.02.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани наводи кои укажуваат на незаконити дејствија на пријавеното лице при вршење на неговите службени должности, поради што нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со бр.09-874/1 од 25.02.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител, со наводи за сомнение за постоење на состојба на судир на интереси. Во пријавата се наведува дека кај лицето ------------ постои состојба на судир на интереси поради фактот што било вработено во Основниот суд --------- како сметководител до летото 2024 година по што продолжило да работи како сметководител со склучен договор за дело и истовремено било и вешто лице од областа на финансиите во мнозинството од граѓанските предмети кои се воделе во Основниот суд ---------, со што смета дека биле оштетени и им била одземена можноста за фер конкурентност на другите вешти лица.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на пријавата, Државната комисија оцени дека кај пријавеното лице не постои состојба на судир на интереси во смисла на членот 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, согласно со член 235 од Законот за парничната постапка е предвидено следното:

„(1) Судот ќе изведе вештачење како доказ, ако странката со тужбата или одговорот на тужба го достави стручниот наод и мислење на вештакот.
(2) Ако странката предлага вештачење како доказ, но стори веројатно дека постојат факти или околности за кои не може да го прибави вештиот наод и мислење, судот ќе определи вештачење со писмена наредба. Во наредбата судот ќе наведе во однос на кои факти или околности се врши вештачењето и на предлог на странката ќе определи на кого му се доверува вештачењето.“

Видно од цитираната законска одредба е дека вештачењето како доказ во парничната постапка се изведува на предлог од странка која истото и го доставува до судот, без судот што ја води постапката да има влијание на кое вешто лице ќе му биде доверено вештачењето. Влијанието на судот е исклучено и при определување на супервештачење со оглед на фактот дека согласно со чл.246 став 3 од Законот за парничната постапка супер вештачењето го определува претседателот на советот или судијата поединец по електронски пат со примена на правилото на случаен избор од регистарот на вештаци, во присуство на двете странки, односно на нивните полномошници.

Од наведеното произлегува дека фактот што пријавеното лице било вработено, односно ангажирано со договор за дело во Основниот суд ------- како сметководител не може да влијае дали ова лице ќе биде ангажирано како вешто лице во граѓанските предмети што се водат во истиот суд, бидејќи тоа е оставено на слободна диспозиција на странките без било какво влијание од судот, а и во случај кога судот определува супер вештачење вештите лица се избираат по електронски пат по случаен избор, со што е исклучено било какво субјективно влијание при изборот.

Од друга страна во смисла на член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е дозволено службено лице да може да биде вешто лице и да остварува приходи од таквата дејност, така што не постои ниту повреда на забраната за вршење на други дејности.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик-претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. - член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk